# *Кратки информации за здружението*

## *Кои сме ние ?*

Здружението на внатрешните ревизори на Р. Северна Македонија претставува единствена, независна и професионална организација од областа на внатрешната ревизија на територијата на Р.С.Македонија, која преку својата дејност ги обединува лицата кои работат или имаат интерес во внатрешната ревизија, од јавниот и приватниот сектор.

Здружението е **полноправна членка** на единствената глобална искусна и реномирана организација **The Institute of Internal Auditors – IIA,** со што сите активни членови на Здружението на внатрешните ревизори на Р.С.Македонија стануваат и полуправни членки и на глобалната организација **IIA,** со право на **membership access** на глобалната интернет страна на www.theiia.org, со пристап до најголемата светска ризница на материјали, литература и информации за внатрешната ревизија. Здружението е и полноправна членка и на европската конференција **ECCIA.**

Здружението им овозможува на своите членови добивање на меѓународно призната лиценца **CERTIFIED INTERNAL AUDITOR – CIA,** како и можност за континуирана професионална едукација. **IIA** ги поставува стандардите за работење на внатрешните ревизори како во светот така и во Македонија, кои како дел веќе се дефинирани во законската регулатива (Закон за трговските друштва, Закон за супервизија на осигурувањето, Закон за банки, Закон за јавна внатрешна финансиска контрола) итн.

Здружението ги штити интересите на своите членови и работи на унапредување на професијата внатрешен ревизор.

## *Наши Цели*

1. Унапредување на внатрешната ревизија во Р.С.Македонија;
2. Зголемување на знаењето, стручноста и професионализмот на членовите;
3. Заштита на интересите на членовите;
4. Создавање на професионално единство и помагање на членовите;
5. Издигнување на професијата внатрешен ревизор на повисоко ниво;
6. Проучување на нови модели и техники за спроведување на внатрешната ревизија.